**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
## за примање на донација на урбана опрема

**Скопје, октомври 2022 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02) и член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација на урбана опрема**

Член 1

Со оваа Одлука Градот Скопје прима донација од 20 корпи за отпадоци и 10 клупи во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) што се реализираше во Република Северна Македонија.

Член 2

Вкупната вредност на донацијата од член 1 на оваа Одлука изнесува 300.000,00 денари со ДДВ.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за примање на донација со одговорното лице од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО), со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**

Број _______
___________ 2022 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Трајко Славески**

**Образложение**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Во член 6, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице. Во член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Од проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) на ден 19.09.2022 година беше доставено Барање за давање согласност за донирање 20 корпи за отпадоци и 10 клупи. Оттаму, Градот Скопје врши прием на урбана опрема составена од 20 корпи за отпадоци и 10 клупи коишто ќе бидат поставени на јавите површини во Скопје. Приемот на донацијата на урбаната опрема е дел од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО).

Вредноста на урбаната опрема изнесува 300.000,00 денари со ДДВ, а за реализирање на донацијата Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор за примање на донација со одговорното лице на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО), со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Врз основа на предходно изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за примање на донација за урбана опрема.